# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | Министерство за финансии |
| Назив на предлогот на закон: | Предлог на закон за изменување и дополнување на Царинскиот закон |
| Одговорно лице и контакт информации: | Наташа Радеска Крстевска, Директор |
| Вид на Извештај | ☒Нацрт<br>☐Предлог |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | ☒Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија<br>☐НПАА<br>☐Заклучок на Владата на Република Македонија<br>☐Друго: Усогласување со Законот за административни службеници |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ | НЕ |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации | ☐Да<br>☒Не |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | 04.11.14 |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество и администрација: | |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација: | |
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | |

## 1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот

### *1.1 Опис на состојбите*

Предложените изменувања и дополнувања на Царинскиот закон имаат за цел усогласување на законските одредби кои се однесуваат на вршење на работи на застапување во царинските постапки со иницијативата за донесување на посебен закон со кој ќе се уреди оваа материја, а согласно заклучоците на Владата на Република Македонија на Деветтата седница одржана на 14.07.2014 година, натамошно усогласување на законските одредби со Одлуката У.бр.1/2009 на Уставниот суд на Република Македонија (Сл.весник на РМ бр.117/09), усогласување на законските одредби кои се однесуваат на постапување со одземените и/или отстапените стоки во управна постапка со Законот за изменување и дополнување на Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка (Сл.весник на РМ бр.187/13), усогласување на законските одредби за иземање од обврската за поднесување на гаранција за обезбедување на плаќање на царински долг во транзитна постапка со Конвенцијата за заедничка транзитна постапка, попрецизно определување на законските услови за прекинување на рокот за известување на должникот за износот на долгот, како и определување на нов рок за поднесување на барање за враќање на платен царински долг, овозможување на одземање на стока или транспортното средство со кое е сторен прекршок и во случај на настапена апсолутна застареност, а во две одредби од Законот се врши исправка на утврдена техничка грешка.

### *1.2 Причини за проблемите кои се предмет на разгледување*

Од досегашната примена на одребите на вака усогласениот Царински закон, практиката покажа дека е потребно да се допрецизира постапката за примена на одредени „царинско-правни институти“, меѓу кои: прекинување на рокот за известување на должникот за долгот и враќањето на увозните или извозните давачки кои се платени, а за кои е утврдено дека нивниот износ не преставува долг.

Имајќи предвид дека со измените на Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и во прекршочна постапка (Сл.весник на РМ бр.187/13) се пропиша надлежност на Агенцијата за управување со одземен имот за управување и продажба и на привремено одземени и трајно одземени предмети во управна постапка, што упатува на нејзина надлежност за управување и со одземени и отстапени стоки во корист на државата според Царинскиот закон, со овој предлог закон се врши усогласување на тие одредби, а воедно се предлага и рок во кој Царинската управа правосилно одземените вакви стоки ќе ги предаде на сега надлежната Агенција, на натамошна постапка согласно законот.

Заради усогласување на одредбите од Царинскиот закон кои се однесуваат на иземање од обврската за поднесување на гаранција за обезбедување на плаќање на царинскиот долг во транзитната постапка со одредбите на Конвенцијата за заедничка транзитна постапка, кон која Република Македонија се

очекува да биде поканета да пристапи во почетокот на 2015 година од страна на Генералниот секретаријат на Советот на Европската Унија, со овој закон се предлага да се изврши прецизирање дека превозот по железница е иземен од обврската за поднесување на гаранција само во случај на примена на поедноставена постапка во согласност со Уредбата за спроведување на Царинскиот закон.

## 2. Цели на предлог регулативата

*Предложените изменувања и дополнувања на Царинскиот закон имаат за цел ефикасност и еднообразност при спроведување на законските одредби, а особено на одредбите со кои е уредено прекинување на рокот за известување на должникот за долгот и враќањето на увозните или извозните давачки кои се платени а за кои е утврдено дека нивниот износ не преставува долг, како и усогласување на Царинскиот закон со одредени правни акти, односно со одлуката на Уставниот суд У.бр.01/2009 и со Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и во прекршочна постапка.*

## 3. Можни решенија (опции)

*3.1 Опис на решението „не прави ништо“*

*3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот*

*Со предложените изменувања и дополнувања се врши усогласување на Царинскиот закон со одредени правни акти, односно со одлуката на Уставниот суд У.бр.01/2009 и со Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и во прекршочна постапка.*

## 4. Проценка на влијанијата на регулативата

*Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:*

*4.1 Економски влијанија*

*/*

*4.2 Фискални влијанија*

*/*

*4.3 Социјални влијанија /*

*4.4 Влијанија врз животната средина /*

*4.5 Административни влијанија и трошоци –*

*а) трошоци за спроведување /*

*б)трошоци за почитување на регулативата /*

## 5. Консултации

*5.1 Засегнати страни и начин на вклучување*

/

*5.2 Преглед на добиените и вградените мислења*

/

*5.3 Мислењата кои не биле земени предвид и зошто*

/

## 6. Заклучоци и препорачано решение

*6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)*

/

*6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)* /

*6.3 Препорачано решение со образложение*

*-Усвојување на Предлог Законот*

## 7. Спроведување на препорачаното решение

*7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области*

*7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување*

/

*7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за спроведување*

*- Министерство за финансии-Царинска управа*

*7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон*

/

## 8. Следење и евалуација

*8.1 Начин на следење на спроведувањето /*

*8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови /*

**Изјава од државниот секретар**

**Нацрт Извештајот за проценка на влијанието на регулативата е изготвен во согласност со Методологијата за проценка на влијанието на регулативата. Тој дава реална проценка на можните влијанија и очекуваните ефекти, како и трошоците кои се однесуваат на секоја од утврдените можни решенија (опции) за решавање на проблемот.**

**Датум: _______________** **.................................................**

**потпис на државен секретар**

| **Изјава од министерот** |
|---|
| **Врз основа на резултатите од анализите прикажани во Извештајот за проценка на влијанието на регулативата сметам дека препорачаното решение (опција) претставува најдобар начин за решавање на проблемот и постигнување на очекуваните ефекти на најекономичен начин.** |
| **Датум:______________** **..........................................** |
| **потпис на министерот** |